РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-794/1

18-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на 46-тата седница одржана на12.02.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2230/1 од 17.06.2020 година оформен по пријава од непознат подносител **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2230/1 од 17.06.2020 година, поради тоа што **наводите во пријавата не се потврдени**.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавта да се достави Одлуката, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2230/1 од 17.06.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител доставена преку е-маил адресата на Државната комисија за спречување на корупцијата- ------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за непостапување или непреземање на конкретни дејствија од страна на управен инспектор од Државниот управен инспекторат во врска со инспекциски надзор извршен на 12 февруари 2020 година по налог број 10-88 од 3 февруари 2020 година согласно Законот за управна инспекција. Од извршениот надзор бил составен Записник ИП број 10-88 од 12 февруари 2020 година каде биле констатирани неправилности и со Решение, Градоначалникот на општина ------- бил задолжен да го спроведе Решението за отстранување на бесправно изграден објект ИП број 17-5 од 4 јуни 2015 година донесено од овластен градежен инспектор на општина -------. Во пријавата се наведува дека по истекот на дадениот рок од 30 дена управниот инспектор не преземал дејствија за спроведување на контролен инспекциски надзор заради утврдување дали се отстранети констатираните неправилности зададени со решението на управниот инспектор.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-2230/3 од 10.08.2020 година со кое побара од Градоначалникот на -------- информација дали се преземани конкретни дејствија за спроведување на Решението за отстранување на бесправно изграден објект ИП број 17-5 од 4 јуни 2015 година донесено од овластениот градежен инспектор на општината, и доколку не е постапено, да се наведат причините за неговото непостапување односно непреземање на конкретни дејствија во законски

утврдениот рок. Со Барање за прибирање податоци и информации со број 12-2230/2 од 10.08.2020 година доставено до Државниот управен инспекторат, ДКСК побара Инспекторатот да достави: копија од Записник од извршен инспекциски надзор ИП број 10-88 од 12 февруари 2020 година, копија од Решението за отстранување на бесправно изграден објект ИП број 17-5 од 4 јуни 2015 година, известување дали споменатиот инспектор постапувал согласно Законот за управна инспекција и спровел контролен инспекциски надзор во гореспоменатиот предмет со цел да се утврди дали се отстранети констатираните неправилности зададени со Решението, со прилог копие од Записник како и доколку не постапил, кои се причините за неговото непостапување односно непреземање на конкретни дејствија по истекот на рокот од 30 дена утврден во Законот.

Од Градоначалникот на општина --------- и Државниот Управен инспекторат во законски утврдениот рок беа доставени одговори по барањата на ДКСК и по нивно ДКСК го утврди следното:

До општина Вевчани е доставено Решение Ип1 бр.10-88 од 12.02.2020 година од извршениот вонреден инспекциски надзор на Државниот управен инспекторат во општина ---------- со кое се задолжува Градоначалникот на општина -------------- да обезбеди услови за административно извршување на Решение за отстранување на градба Ип1 бр.17-5 од 04.06.2015 година и со Заклучок за дозвола за извршување Ип1 бр.17 /5 од 03.07.2020 година констатирано е дека Решението бр.17-5 од 04.06.2015 година е извршно.

Од општина ------------ бевме известени дека согласно Законот за јавните набавки, со донесениот План за Јавни набавки за 2020 година нема планирано постапка за јавни набавки на услуги за административно извршување на управни акти (уривање на дивоградба), поради што било неопходно да се изврши дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година со предметната постапка за избор на економски оператор за присилно уривање на дивоградбите. Имајќи ја во предвид актуелната здравствена ситуација со епидемијата од КОВИД 19 и распишаните вонредни парламентарни избори 2020 година, ограничувањата при спроведување на нови постапки за јавна набавка предвидени со Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, општината не била во можност во наведениот период да изврши измена и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година, се до завршување на изборот на пратеници и избор на Влада. По завршување на изборите, односно по формирање на Владата на РСМ, Општина ------------------ ќе изврши измена на Планот за јавни набавки за 2020 година и ќе распише јавна набавка за избор на економски оператор за присилно уривање на дивоградбите.

На ден 22.09.2020 година инспектор при Државниот управен инспекторат извршил контролен инспекциски надзор во општина --------------- за што е составен е Записник Ип 1 бр.10-88 од 23.09.2020 година со Наод на состојба. Општина Вевчани по извршени измени во Годишниот план за јавните набавки за 2020 година, на ден 16.09.2020 година објавила Оглас број 13256/2020 за доделување на договор за јавна набавка на работи за присилно административно извршување на управни акти (рушење на бесправно изградени објекти), додека Договорот за јавна набавка за присилно извшрување административно извшрување на управни акти (рушење на бесправно изградени објекти ) со избраниот носител на јавната набавка Друштво за трговија и услуги ------------------------ увоз извоз бил склучен на 13.10.2020 година.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапуваат надлежните органи (општина ----------- и Државниот управен инспекторат) согласно своите законски надлежности, поради што ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени и нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П.
Одобрил: К.Н, член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk